ОПШТИНА БИТОЛА

Бр.08-978/5 од 03.10.2024год.

Врз основа на член 50 став (1) точка 4 и точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ 5/2002), член 54 став (1) точка 4 и точка 15 од Статутот на општина Битола ("Службен гласник на Општина Битола" бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20 и 19/20) и Одлука за отстапување на користење без надоместок простор сопственост на општина Битола во главната општинска зграда бр.09-99/6 од 20.09.2024 година донесена од страна на Советот на општина Битола („Службен гласник на Општина Битола" бр.12/24), општина Битола објавува:

**ЈАВЕН ПОВИК БР. 1/2024**
**за избор на правно лице за отварање на шалтер во склоп на Општина Битола**

1. Општина Битола објавува јавен повик за избор на правно лице-банка за отварање на шалтер во просториите на Општина Битола.
**2.** Документацијата за јавниот повик може да се подигне секој работен ден од 08:00 до 15 часот на шалтер број 1 во Општина Битола со седиште на ул. „Булевар 1-ви Мај" бр. 61 , Битола, Република Северна Македонија.
3. Право на учество на јавниот повик имаат сите правни лица кои поседуваат важечка соодветна дозвола од листата на дозволи и согласности кои ги издава НБРСМ согласно Законот за банки.
4. Избраното правно лице на јавниот повик ќе има обврска да ангажира едно лице извршител на работна позиција референт со цел извршување на трансакции поврзани со платниот промет.
5. Подетални информации за јавниот повик и потребната документација за јавниот повик можат да се добијат на телефонскиот број 047/208-327.
6. Крајниот рок за поднесување на понудите е 10.10.2024 година до 15:00 часот.

**ОПШТИНА БИТОЛА**
Комисија за спроведување на постапката за
избор на правно лице за отворање на шалтер во склоп
на Општина Битола

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија

тел: 047 208 312 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@t-home.mk www.bitola.gov.mk